ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ДЕЛОВНИК

## ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, декември 2003 год.

Врз основа на член 17, став 1, алинеја 5 од Статутот на Институтот за стандардизација на Република Македонија, Собранието на Институтот за стандардизација на Република Македонија на седницата одржана на 17 декември 2003 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
# ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА ИНСТИТУТОТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредува организацијата и начинот на работење на Собранието на Институтот за стандардизација на Република Македонија (во натамошниот текст: Собрание).

Член 2

Собранието го сочинуваат членовите на Институтот за стандардизација на Република Македонија (во натамошниот текст: Институт) и претставници на основачот што ги именува Владата на Република Македонија.

Член 3

Собранието ги врши работите и задачите определени со Статутот на Институтот.

Член 4

Собранието работи на седници.

Седниците на Собранието се одржуваат најмалку еднаш годишно.

Член 5

Седниците на Собранието се јавни.

За одделни прашања, Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста.

Член 6

Собранието одлучува со јавно гласање.

Собранието може да одлучува со тајно гласање за прашања утврдени со овој Деловник, на предлог на претседателот или на предлог на членовите на Собранието.

Членот на Институтот има право на еден глас.

## II. ОСНОВАЧКА СЕДНИЦА

Член 7

Основачката седница на Собранието ја свикува министерот за економија.

Со основачката седница претседава министерот за економија до изборот на претседателот на Собранието.

Член 8

На основачката седница на Собранието имаат право да учествуваат овластените претставници на членовите на Институтот чии писмени пријави за членување во Институтот се доставени седум дена пред одржувањето на седницата на Собранието.

Во почетокот на основачката седница на Собранието се утврдуваат правните и физичките лица кои го пријавиле своето членување во Институтот.

Основачката седница може да се одржи во присуство на најмалку половина плус еден од вкупниот број членови на Институтот.

## III. КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ИЗБОРИ

Член 9

За спроведување избори за претседател на Собранието, заменик на претседателот на Собранието и за претставници на членовите на Институтот во Советот на Институтот, Собранието формира Комисија за спроведување избори (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата се состои од два претставника на членовите на Собранието и претставник на вработените во Институтот.

Членовите на Комисијата се избираат со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 10

Комисијата ги има следните задачи:
- го организира гласањето и врши надзор над гласањето;
- врши пребројување на гласовите;
- ги соопштува резултатите од гласањето.

## IV. ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО

Член 11

На предлог на претседавачот се утврдува дневниот ред на Собранието и се пристапува кон избор на претседател на Собранието.

Најмалку пет члена на Собранието можат да предложат кандидат за претседател на Собранието.

Член 12

Кандидатот за претседател на Собранието треба да ги исполнува условите од членот 18 од Статутот на Институтот, односно:
- да има високо образование;
- да има искуство во областа на стандардизацијата;
- да познава еден од светските јазици.

Член 13

Предлозите за кандидат за претседател на Собранието се поднесуваат во писмена форма. Содржат име и презиме на кандидатот со образложение, име и презиме на членовите кои го поднесуваат предлогот и нивни своерачни потписи.

Доколку има повеќе кандидати за претседател на Собранието, во гласачкото ливче се утврдува редоследот на кандидатите според азбучниот ред на нивните презимиња.

Доколку е предложен еден кандидат за претседател на Собранието, изборот може да се врши и со јавно гласање.

Член 14

За претседател на Собранието е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови на Институтот.

Претседателот на Собранието се избира за четири години, а по истекот на тој период, може да биде повторно избран.

Член 15

Ако се предложени два кандидата за претседател на Собранието и ако не го добие потребното мнозинство гласови ниту еден кандидат при првото гласање, гласањето се повторува.

Ако се предложени три или повеќе кандидата за претседател на Собранието, гласањето се повторува за двата кандидата кои добиле најголем број гласови при првото гласање.

Ако меѓу кандидатите со најголем број гласови има кандидати со ист број гласови, гласањето се повторува за сите кандидати со најголем број гласови.
Ако на повторното гласање не го добие потребното мнозинство гласови ниту еден кандидат, целата изборна постапка се повторува.

Член 16

По изборот, со седниците на Собранието продолжува да претседава избраниот претседател на Собранието.

Член 17

Изборот на заменикот на претседателот на Собранието се врши по иста постака како и при изборот на претседателот на Собранието.

## V. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО

Член 18

Претседателот на Собранието ги има следните права и должности:

- свикува седници на Собранието;
- претседава на седниците на Собранието;
- го утврдува бројот на присутните членови на седниците на Собранието;
- го утврдува дневниот ред;
- им дава збор на учесниците во дискусијата;
- ги утврдува иницијативите, мислењата и предлозите на членовите на Собранието;
- предлага заклучоци по точките од дневниот ред на седницата на Собранието.

Член 19

Претседателот на Собранието може да свика седница на Собранието врз основа на донесените заклучоци на Собранието на предлог на основачот, Советот на Институтот или директорот на Институтот.

## VI. СВИКУВАЊЕ СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО

Член 20

Поканите за седница на Собранието со предлог - дневен ред и материјали се доставуваат до членовите на Собранието најдоцна 10 дена пред одржувањето на седницата.

Член 21

Членот на Институтот има право и должност да присуствува на седниците на Собранието.

Членот на Институтот е должен да го потврди присуството на својот претставник најдоцна три дена пред одржувањето на седницата.

Претставникот на членот на Институтот може да отсуствува од седниците на Собранието од оправдани причини.

Во случаите од став 3 од овој член, членот на Институтот може да овласти друго лице да учествува во работата на седницата на Собранието.

Член 22

Материјалите за седницата на Собранието ги подготвува Институтот.

Со материјалите за седницата на Собранието можат да се дадат и предлог заклучоци.

Ако се расправаат материјали од доверлив карактер на седницата на Собранието, таквите материјали треба да се обележат со посебна ознака. Доверливите материјали ќе им се врачат на членовите на Собранието на самата седница и за нив ќе се води посебна евиденција.

Член 23

На предлог на директорот на Институтот, на седницата на Собранието може да бидат поканети и претставници на одделни претпријатија, научно-образовни установи и други, ако е тоа од интерес за Институтот.

Поканетите преставници од став 1 на овој член имаат право да дискутираат по точките од дневниот ред, но немаат право на глас.

## VII. РАБОТА НА СОБРАНИЕТО

Член 24

Собранието може полноправно да работи и одлучува доколку на седницата на Собранието се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број членови на Институтот.

По констатирањето на присуството на потребниот број членови од став 1 на овој член, претседателот на Собранието предлага усвојување на дневниот ред.

На предлог на член на Институтот, дневниот ред може да се прошири доколку присутните членови на Институтот го усвојат со мнозинство гласови.

По усвојувањето на дневниот ред, претседателот на Собранието пристапува кон разгледување на точките од дневниот ред.

Пред почетокот на разгледување на точките од дневниот ред, се усвојува записникот од претходната седница.

Записникот се смета за усвоен ако членовите на Собранието немаат забелешки, односно ако во него се извршени измени во согласност со усвоените забелешки.

Член 25

Претседателот на Собранието им овозможува на членовите на Институтот и другите учесници, присутни на седницата, да земат учество во дискусијата по претходно утврден ред на пријавување.

Секој член може да дискутира само за прашањата што се на дневен ред. Доколку во својата дискусија членот на Институтот отстапи од точката што е на дневен ред, претседателот на Собранието го опоменува и доколку продолжи да не се придржува кон точката што е на дневен ред, претседателот може да ја прекине неговата дискусија.

Член 26

За прашањата за кои се расправа на седниците на Собранието се донесуваат заклучоци, односно одлуки.

Заклучоците, односно одлуките се сметаат за донесени ако за нив гласало мнозинството присутни членови на седницата.

Член 27

Статутот на Институтот и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Институтот се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од присутните членови.

Член 28

Директорот на Институтот има право и  должност да присуствува на седниците на Собранието и да учествува во расправата за одделни точки од дневниот ред, но нема право на глас.

## VIII. РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ИНСТИТУТОТ И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО

Член 29

Членот на Институтот, за чие исклучување се гласа, при одлучувањето за исклучување нема право на глас.

Член 30

Собранието може предвреме да го разреши претседателот:
- на негово барање;
- ако се утврди дека не работи во согласност со одредбите на Законот за стандардизација, Статутот, овој Деловник и одлуките на органите на Институтот.

За разрешување на претседателот на Собранието се гласа врз основа на образложена писмена иницијатива од најмалку една третина од членовите на Собранието.

Претседателот се разрешува со тајно гласање.

## IX. ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦИТЕ НА СОБРАНИЕТО

Член 31

На секоја седница на Собранието се води записник.

Записникот содржи податоци за текот на работата на седницата, а особено за:
- датумот на одржувањето на седницата;
- времето на почетокот и крајот на седницата;
- името на претседавачот;
- името на присутните и отсутните членови на Институтот;
- името на присутните лица кои не се членови на Институтот;
- констатацијата за усвоениот записник од претходната седница;
- усвоениот дневен ред;
- имињата на учесниците во расправата за прашањата од дневниот ред;
- донесените заклучоци, односно одлуки за точките од дневниот ред;
- потписите на претседавачот на Собранието и лицето кое го води записникот.

## X. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 32

Собранието може да формира посебни работни тела - комисии за одделни прашања, поради специфичноста и обемот на задачите и работите од надлежност на Институтот.

Комисиите од став 1 на овој член се именуваат на седницата на Собранието со посебна одлука.

Член 33

Институтот го обезбедува вршењето стручни и административни работи за потребите на Собранието.

Собранието со решение може да побара од директорот на Институтот да именува стручно лице за секретар на Собранието заради вршење на работите од став 1 на овој член.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Овој Деловник влегува во сила од денот на неговото донесување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО**

**Проф.д-р Милан Ќосевски**